РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РОСОМАН
Бр. 03-411/6
19.08 2024 год.
РОСОМАН

# З А П И С Н И К

**за одржано интервју по Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Управен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци бр.1/24**

Во врска со Јавниот повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Управниот одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци бр.01/24 со архивски бр.08-411/1 од 11.07.2024 година објавен на ден 11.07.2024 година на веб-страницата на Општина Росоман, на веб-страницата на јавното претпријатие и на огласна табла во Општина Росоман, Комисијата за селекција за избор на член на Управниот одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци, формирана со Решение на Советот на Општина Росоман со архивски бр.08-379/1.3 од 28.06.2024 година, во состав од претседател Кристина Златевска, член Слободан Ѓелевски и член Зоран Јовановски, на ден 19.08.2024 година, согласно член 17-г од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 89/22 и 274/22), а во врска со член 4 ст.1 ал.2 и член 6 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите, како и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на Управен, односно Надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен весник на РСМ" бр.283/22), во просториите на Општина Росоман спроведе интервју (усно) со пријавените и уредни кандидати: Небојша Маринковиќ од с.Сирково, Општина Росоман и Стефанија Јованова од Кавадарци.

Интервјуто се состоеше од три категории на прашања за кои се доделуваат бодови за интервјуираниот кандидат и тоа за следните прашања:

- Општи прашања со кои се проверува интересот, мотивацијата и очекувањата на кандидатот како и неговото претходно работно искуство;
- Ситуациони прашања со кои се проверуваат општите работни компетенции на кандидатот;
- Стручни прашања или практични задачи со кои се проверуваат посебните работни компетенции на кандидатот, а кои се однесуваат на делокругот на работата на Управниот одбор.

Во прилог на овој записник е Формулар за бодување на секој кандидат поединечно и Ранг листата на кандидатите.

**КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА**

**Претседател Кристина Златевска** Златевска К.

**Член Зоран Јовановски** ______

**Член Слободан Ѓелевски** ______

**До**
**Совет на Општина Росоман**

Врз основа на член 17-г од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22 и 274/22), а во врска со член 7 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите, како и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на Управен, односно Надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен весник на РСМ“ бр.283/22), по објавениот Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Управен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци бр.01/24 со архивски бр.08-411/1 од 11.07.2024 година објавен на ден 11.07.2024 година, Комисијата за селекција по спроведеното интервју и извршеното бодување, на ден 19.08.2024 година ја подготви и достави до основачот на јавното претпријатие - Совет на Општина Росоман следната:

## РАНГ ЛИСТА

| Реден број | Кандидат | Освоени бодови I Фаза Административна селекција | Освоени бодови II Фаза Интервју | Вкупно освоени бодови |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Небојша Маринковиќ | 21 бод | 40 бодови | 61 бод |
| **2.** | Стефанија Јованова | 21 бод | 39 бодови | 60 бодови |

**КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА**

**Претседател Кристина Златевска** ________________

**Член Зоран Јовановски** ________________

**Член Слободан Ѓелевски** ________________